Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 361, 3 март 2025 година

март 2025 година
Штип

## СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНЖЕНЕРСТВО НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 3

**РЕФЕРАТ**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТРЕБИ И БЕНЕФИТИ ОД СПА УСЛУГИТЕ НА БАЊИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ -ШТИП** ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ЛАЖЕТИЌ, ПРОФ. Д-Р БОБАН МИСОСКИ, ПРОФ. Д-Р ОЛГА КОШЕВАЛИСКА И ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЛАЗАР НАНЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 19

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ДИЈАБЕТИЧНА ПЕРИФЕРНА НЕВРОПАТИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р ДАНИЕЛА РИСТИЌ-СТОМНАРОСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 23

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3** ........ 26

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ 27



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНЖЕНЕРСТВО НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-252/10 од 24.12.2024 година, донесена на 69. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 24.12.2024 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *инженерство на заштита на животна средина* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Соња Лепиткова**, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област геохемија, **претседател**;
- **д-р Дејан Мираковски**, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област вентилација и техничка заштита, **член**;
- **д-р Марија Хаџи-Николова**, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област животна средина, **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 14.12.2024 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката:

- д-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ, вработена во Агенција за планирање на просторот – Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно- научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ е родена на 22.12.1964 година во Тетово, каде што завршила основно и средно образование. Во учебната 1984/1985 година се запишала на Архитектонскиот факултет во Скопје, насока Урбанизам. Во 1988 година ги завршила студиите со просечна оценка 8.34 и се стекнала со звање **дипломиран инженер архитект**.

Во академската 1989/1990 година се запишала на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет, на Катедрата географија, на насоката Просторно планирање. Постдипломските студии ги завршила со просечен успех 8,93.

Во 1994 година магистрирала на тема со наслов ***„Определување на оптимален капацитет на туристички промет од аспект на заштита на животната средина во просторот на Националниот парк Маврово”*** на Природно-математичкиот факултет и се стекнала со академски степен **магистер по географски науки од областа просторно планирање.**

Во 2009 година м-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ пријавила тема за изработка на докторска дисертација со наслов ***„Оптимизација на користење на вонурбаното земјиште во просторното планирање на Скопскиот регион од аспект на намалување на процесите на негова деградација"*** на Шумарски факултет – Скопје, која ја одбранила на 23.9.2014 година и се стекнала со научен степен **доктор на биотехнички науки**.

Кандидатката работи како раководител на Сектор за просторно планирање во Агенцијата за планирање на просторот – институција формирана од Владата на Република Македонија во 1997 год. (Првично како јавно Претпријатие за просторни и урбанистички планови), за изработка на просторни и урбанистички планови и спроведување на политиката за планирање и уредување на просторот.

Од 2010 година па наваму кандидатката Душица Трпчевска-Анѓелковиќ била раководител на работниите тимови за изработка на многу просторни планови, меѓу кои и Просторниот план на Република Северна Македонија 2021-2040. Исто така, учествувала во изработката на голем број урбанистички планови студии и програми.

За својот професионален ангажман кандидатката добила голем број награди и признанија од кои ги издвојуваме следниве:

- 18. Меѓународен салон на урбанизам, Ниш, 2009 г.; Просторен план на Охридско-преспанскиот регион, II награда на стручното жири;
- 19. Меѓународен салон на урбанизам, Шабац, 2010 г.; Просторен план на Националниот парк Галичица, I награда на стручното жири;
- 20. Меѓународен салон на урбанизам, Ниш, 2009 г.; Просторен план на Охридско-преспанскиот регион, публикација специјално признание (раководител на работен тим);
- 21. Меѓународен салон на урбанизам, Лесковац, 2012; Студија за идентификација на информативни пунктови во Вардарскиот плански регион, III награда на стручното жири (член на работен тим);
- Удружење урбаниста Србије, Летња школа урбанизма,Тара, 2012: Признание за постигнати резултати во афирмација на просторното и урбанистичко планирање.

***Законски и подзаконски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

**Општи услови за избор:**

1. Диплома за доктор на науки од соодветната научна област (доктор на биотехнички науки, област просторно планирање);
2. Остварен просечен успех од најмалку 8 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (остварен просек на додипломски четиригодишни студии (прв циклус) 8.34 и остварениот просек на постдипломски студии (втор циклус) 8,93;
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, согласно со Законот за високото образование, во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

| Р. бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација | Години на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Trpcevska Angelkovic, D., Stojanovska, M. | Conflicts in land use and management | SilvaWorld,3 (2),52-56, | 2022 |
| 2. | Trpcevska Angelkovic, D., Blinkov, I. | Usability of the various land use optimization models for the spatial planning purposes in the Republic of North Macedonia | SilvaWorld, 3(2),57-66, | 2022 |
| 3. | Zendelska, A., Lepitkova, S., Mirakovski, D., Doneva, N., Hadzi-Nikolova, M., Dimov, G., Trpcevska Angelkovic, D. | GHG emissions from municipal solid waste in North Macedonia | Natural Resources and Technology Vol 18, No. 1, pp. 4 - 10 | 2007 |
| 4. | Trpcevska Angelkovic, D., Andreeva A., Stavrevski J., Arsovski I. | Sustainable cities of the 21st century – the case of Skopje | Scientific-professional Conference with international participation 'Urbanism and Sustainable Development', Novi Pazar, Serbia | 2024 |

4. Потврда за познавање на еден странски јазик (англиски јазик);
5. Има способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

1. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати;
2. Предавања по урбанизам на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" – Скопје, во периодот 2015-2017, како експерт од праксата.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ во учебната 2015-2016 и 2016-2017 на УКИМ - Шумарски факултет, насока Пејзажно дизајнирање, држи предавања по предметот Основи на урбанизам (Одлука на ННС на Шумарски факултет бр. 0201/545/9 од 10.9.2014 г. за избор на истакнато стручно лице од пракса).

***Кандидатката д-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ, до денес, ги има објавено следниве трудови:***

1. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, ***„Трансформации во намената на површините во рабните простори на Скопје",*** II Конгрес на географите на Македонија (3-5.11.2000 г.);
2. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, ***Улогата на малите градови и централните селски населби во остварување на рамномерен регионален развој",*** Научна конференција „Проблеми на регионалниот развој и регионалната политика на Бугарија" (26-27.10.2000 г.),

3. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, м-р П.Пенев, ***„Потенцијали за развој на екотуризмот во Национален парк Маврово“,*** Меѓународен симпозиум „Форум на екотуризам, планини и заштитени простории“ (2-4.10.2002 г.; Софија);
4. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, ***„Бесправна градба и урбан супстандард“,*** Трибина: Како до компактен град, Скопје, 2004 год. – реферат усно;
5. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, ***„Просторен план на Охридско-преспанскиот регион“,*** текст објавен во весникот „Порта“, 2005 год.;
6. ***GISDATA, Users Conference, Опатија 2008,*** презентација: ***„Просторен план на Охридско-преспанскиот регион“;***
7. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, Л.Трпеноска-Симоновиќ: ***„Иницијативе за просторни развој ЈЛС у процесу децентрализације“;*** Симпозијум „Нова урбаност - глобализација транзиција“, Београд, 2007;
8. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, Л., Трпеноска-Симоновиќ, ***„Шумите во просторните планови“,*** Конференција за Долгорочна програма за пошумување на Република Македонија, 10-11.6.2009 г, МАНУ;
9. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, Л.Трпеноска-Симоновиќ, С.Георгиева-Депинова, ***„Мониторинг спровоѓења Просторног плана Републике Македоније“,*** Меѓународен научен собир „Регионални развој, просторно планирање и стратешко управљање“ – Београд, 2009;
10. Трпеноска-Симоновиќ Л., Блинков И., Трпчевска-Ангелковиќ Д., Трендафилов. А., ***„Планирањето во функција на заштита од природни непогоди“;*** Прв шумарски конгрес во Србија под слоганот - *Иднината со шумите*, Белград, 2010;
11. Трпчевска-Ангелковиќ Д., Трпеноска-Симоновиќ Л., Блинков И., Трендафилов А., ***„Планирање на зелените површини во Скопскиот регион“;*** Прв шумарски конгрес во Србија под слоганот - *Иднината со шумите*, Белград, 2010;
12. Блинков И., Трпчевска-Ангелковиќ Д., Трпеноска-Симоновиќ Л., Иротова-Лазарева Д., ***„Analyses of some terrential floods in the Republic of Macedonia“***, Case studies Negotino 1995 and Radovis 2008,*Croatia–Japan project on Risk identification and land use planning fir disaster mitigation of landslides and floods in Croatia***“***, меѓународна работилница, Дубровник, 22-24.11.2010 г.;
13. Д.Трпчевска-Анѓелковиќ, ***„Услови за планирање простора - механизам заштите јавног интереса, природних ресурса и животне средине“,*** Меѓународни научно стручни скуп: Летња школа урбанизма на тема *Нови инструменти планирања у тржишним условима, Процена вредности непокретности* (Тара, 2012 г.);
14. Атанасова В., Цветаноски И., Крстаноски Н., Трпчевска-Анѓелковиќ Д., ***„Проблеми и перспективи на одржливите видови превоз во НП Маврово“,*** Меѓународен научен симпозиум „Проблеми и перспективи на ридско планинските подрачја“ (12.9 - 15.9.2013 г., Охрид);
15. Душица Трпчевска-Аѓелковиќ, ***„Одрживи развој као оквир коришчења природних ресурса у стратешком планирању простора у Републици Македонији***“, VI Научно-стручна конференција „Заштита природних ресурса кроз заштиту животне средине у урбаним системима“ (Београд, 2014);
16. Душица Трпчевска-Аѓелковиќ, ***„Легислатива и њен утицај на конфликте у коришћењу земљишта у Републици Македонији***“, Међународни научно-стручни скуп Летња школа урбанизма у Србији, Врњачка Бања, 2014 г.;

17. Оџаклиеска Х., Димитровска О., Трпчевска Анѓелковиќ Д.***: „Значењето на биодиверзитетот во просторното планирање на заштитените подрачја – студија на случај Национален парк Маврово“,*** III Меѓународна научна конференција „ГЕОБАЛКАНИКА“ (Скопје, 2017 г.);

18. Душица Трпчевска-Аѓелковиќ: ***„Анализа на состојбите со планирањето во Република Северна Македонија, со посебен осврт на Скопскиот плански регион“,*** *Регионална конференција* „Градење на функционално-просторни и економски структури за подобро интегрирање на урбаните и рурални средини во Скопскиот плански регион“, Скопје, 18-19.9.2019 г. – реферат усно;

19. Душица Трпчевска-Анѓелковиќ: ***„Одржливиот туризам и заштита на животната средина – сегменти на моделот на просторен/регионален развој“,*** Меѓународна конференција за одржлив рамномерен регионален развој во Североисточниот плански регион, Куманово 2019 г. – реферат усно;

20. Angelkovic, D. T., & Stojanovska, M. **Conflicts in land use and management**“, SilvaWorld,3(2),52-56, 2024;

21. Angelkovic, D. T., & Blinkov, I.: **„Usability of the various land use optimization models for the spatial planning purposes in the Republic of North Macedonia**“, SilvaWorld, 3(2),57-66, 2024;

22. Trpčevska-Andjelković D., Andreeva A., Stavrevski J., Arsovski I: ***„Sustainable cities of the 21st century – the case of Skopje„*** 20th Scientific-professional Conference with international participation “Urbanism and Sustainable Development”, Novi Pazar, Serbia, 2024,

23. Zendelska, A., Lepitkova, S., Mirakovski, D., Doneva, N., Hadzi-Nikolova, M., Dimov, G., Trpcevska Angelkovic, D: **‘GHG emissions from municipal solid waste in North Macedonia’**, Natural Resources and Technology Vol 18, No. 1, pp. 4 – 10.

24. Трпчевска Анѓелковиќ Д., Лепиткова С., Димов Ѓ., Андов И: ***„Климатските промени како дел од истражувачката платформа во просторното планирање“***, 5. Конгрес на геолозите на Република Северна Македонија, Охрид, 2024 год.

***Д-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ*** учествувала на голем број домашни и меѓународни семинари, конференции, вебинари и обуки од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање.

Кандидатката како предавач и тренер учествувала во следниве обуки и вебинари:

- Обука за урбанистичко планирање во рамките на проектот на EU FARE, Програма за развој на локална самоуправа, 2003 г.,
- Обука на локална самоуправа, (UNDP, 2004 г.);
- Обука на претставници на локалната самоуправа од област на општинско урбанистичко планирање (EAR, VNG International, 2005-2006г.)
- Вебинар на тема „Закон за урбанистичко планирање“ (АСТ, Скопје, 2020 г.);
- Вебинар на тема „Правилник за урбанистичко планирање“ (АСТ, Скопје, 2020 г.);
- Вебинар на тема „Првични искуства од примена на новата регулатива за урбанистичко планирање – дилеми, предизвици и отворени прашања“ (АСТ, Скопје, 2020 г.);
- Вебинар на тема „Закон за урбанистичко планирање“ (Стопанска комора на Македонија, Скопје, 2020 г.);

- Вебинар на тема „Правилник за урбанистичко планирање“ (Стопанска комора на Македонија, Скопје, 2021 г.);

Од приложената документација и досегашното работно искуство во Агенција за планирање на просторот, очигледно е дека кандидатката д-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ одлично зборува англиски јазик. Таа поседува извонредни организациски способности, како и способност за тимска и индивидуална работа.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

***Евалуација на трудот под реден број 1***

Различните потреби и интереси на различни корисници за ограничено земјиште предизвикуваат конфликти во користење на земјиштето.

Трудот обезбедува широк преглед на конфликтите согледани од различни клучни актери врз основа на спроведени интервјуа и анкети, нивна квалитативна анализа и идентификација на најзначајните конфликти во користење на земјиштето во сите сектори (земјоделство, шумарство, заштита на природа итн.).

Истражувањето покажува дека конфликтите во користењето на земјиштето се многу присутен елемент во нашата практика на планирање, спроведување на планови и управување со земјиштето. Овој проблем, кој е најизразен во регионот на Скопје, манифестира различни форми на деградација на земјиштето, како една од најсериозните последици. Надминувањето на овој проблем со цел да се изнајдат одржливи плански решенија за користење на земјиштето. Прифатливи за сите засегнати страни може да се реализира низ постапката на управување со конфликтите.

***Евалуација на трудот под реден број 2***

Процесот на оптимизација на намената на земјиштето користи 2 групи на модели: математички модели и евристички модели. Различни модели се развиени за различни цели, секој со свои позитивни и негативни страни, предности и недостатоци.

Целта на ова истражување е да се дефинира употребливоста на различни модели за користење на земјиштето за целите на просторното планирање во Република Северна Македонија, врз основа на проучување и компаративна анализа на 17 модели користени во повеќе земји од Европа, САД, Азија. Евалуацијата е извршена според следниве критериуми: а) достапност на податоците кои се користат од моделот; б) број на цели за оптимизација; в) број на намени на земјиштето; г) локална приспособливост, која подразбира согласност на целите, факторите на влијание, ограничувањата и другите специфики на моделот со оние во нашите услови; д) обем на истражувањето.

Анализата укажува на исклучителна тешкотија во обезбедување оптимален модел на користење на земјиштето. Оттаму, ниту еден од моделите не е идеално применлив во наши услови, но затоа е препорачлива комбинација од повеќе модели во зависност од целите и приоритетите на процесот и се разбира неопходно приспособување на локалните специфики и услови на просторот кој се планира.

***Евалуација на трудот под реден број 3***

Емисиите на стакленички гасови од комуналниот цврст отпад во Северна Македонија се сериозно прашање за животната средина и потребни се големи напори за да се ублажат климатските промени. Со цел за да се утврди моменталната состојба со емисиите на стакленички гасови во Северна Македонија, направени се неколку пресметки и во овој труд се претставени резултати и предлози за намалување на емисиите на стакленички гасови поврзани со отпадот. Управувањето со комуналниот цврст отпад, првенствено преку депонирање, е главен придонесувач за емисиите на стакленички гасови во Северна Македонија. Анаеробното распаѓање на органскиот отпад во депониите генерираат метан, силен стакленички гас со висок потенцијал за глобално затоплување, дури 25 пати повеќе од јаглерод диоксид. Понатаму, отвореното согорување на отпадот и несоодветните техники за управување со отпад доведуваат до ослободување на $CO_2$, азотен оксид ($N_2O$) и други загадувачи. И покрај напорите за ублажување на емисиите на стакленички гасови од отпадот, предизвиците постојат поради несоодветната инфраструктура за управување со отпад, ограничените иницијативи за намалување на отпадот и рециклирање и неуспехот да се имплементираат регулаторни рамки. Овие предизвици ги влошуваат влијанијата врз животната средина од управувањето со отпадот и го попречуваат напредокот кон целите за одржлив развој. За справување со емисиите на стакленички гасови од отпадот во Северна Македонија, потребен е сеопфатен пристап кој вклучува законодавни интервенции, технолошки напредок и јавен ангажман техники. Подобрување на инфраструктурата за управување со отпад, промовирање на намалување и рециклирање на отпадот, инвестирање во обновлива енергија добиена од отпад и зајакнување на регулаторното спроведување се меѓу клучните препораки.

***Евалуација на трудот под реден број 4***

Современиот град на 21 век е се помалку простор кој на своите жители им нуди квалитетен, безбеден и комфорен живот, а се повеќе средина која врз нив врши различни притисоци од економски, социолошки и еколошки аспект. Типичен пример за оваа констатација е денешно Скопје и проблемите со кои се соочува како резултат на

урбаната експанзија, урбанистичко планирање за инвеститори, а не за унапредување на квалитетот на животот, масовна појава на бесправната градба како форма која ги попречува рамномерната реализација на урбаните стандарди и физичкиот развој на системот административно управната несинхронизираност која води до блокирање или отежнато извршување на основните надлежности и социјални и етнички сегрегации кои водат кон разни форми на гетоизации и функционална дисхармонија на градот.

ПостигнувањенацелитезаодржливопланирањенаСкопјекакокомпактен и зелен град значи имплементирање на иновативни одлуки во стратешките плански документи. Клучните цели се: одржување на границите на градот, избегнување на области со земјоделски, шумски или природни живеалишта, како и населби без урбана структура. Новите урбанистички политики треба да обезбедат системски решенија за ненаселеноста и ненаселените области во урбаните населби, подобрување на станбениот фонд, спроведување на

социо-економски мерки за искористување на ненаселениот станбен фонд, задоволување на потребите на општествените групи и обезбедување на локален економски стимуланс.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ ги поседува следниве овластувања и сертификати:

- Сертификат на Комисија на Европска Унија за завршен дидактички и технички тренинг - обука во областа на општинско урбанистичко планирање во периодот 28.11 - 9.12.2005 г. на следниве теми:
  - Урбан развој,
  - Визионерство,
  - Стратешко планирање,
  - Планирање на градови,
  - Социо-економски развој;
- Сертификат на УНДП за завршена Обука на обучувачи на тема „Испорака на ефективна обука за вработените во Локалната самоуправа“;
- Овластување за изработка на урбанистички планови бр. 0009 (Комора на овластени архитекти и овластени инженери);
- Овластување за ревизија на урбанистички планови бр. 0009 (Комора на овластени архитекти и овластени инженери);
- Овластување А за проектирање на градби како одговорен проектант, бр. 1.0915 (Комора на овластени архитекти и овластени инженери);
- Овластување Б за проектирање на градби како одговорен проектант, бр. 1.0915 (Комора на овластени архитекти и овластени инженери);
- Овластување А за ревизија на проектна документација од архитектура, бр. 1.0915 (Комора на овластени архитекти и овластени инженери);
- Овластување Б за ревизија на проектна документација од архитектура, бр. 1.0915 (Комора на овластени архитекти и овластени инженери);
- Лиценца за вештачење од област на архитектура бр. 07-884/2, 2013 г.

Кандидатката е коавтор на „ПРИРАЧНИК ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ ПОГОЛЕМА ВКЛУЧЕНОСТ НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ ВО ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ изработен во рамките на проектот „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето", финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 164 од Законот за високото образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019 г.), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека Душица Трпчевска-Анѓелковиќ го исполнува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + САОР) на поени за избор во звањето насловен доцент, дури и значително го надминува, остварувајќи вкупно 100,5 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката Душица Трпчевска-Анѓелковиќ може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала значајни резултати. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач, кој ја совладал методологијата на научното истражување, како од теориски, така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но едновремено дала свој придонес за афирмацијата на просторното планирање во земјава и во странство.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да ја избере д-р Душица Трпчевска-Анѓелковиќ во наставно-научно звање насловен доцент за наставно-научната област инженерство на заштита на животна средина**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Соња Лепиткова, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Дејан Мираковски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Марија Хаџи-Николова, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Објавен труд во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Трудови бр.<br>Прв автор: 21, 22,<br>Останати автори: 23 | 1x3=3 | 3 | 2x9=18 | 18 | 21 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир<br>Трудови бр.<br>Во земјава: 8,17,18,19, 1, 10, 11<br>Во странство: 2,6,9,15,24 | 7x2=14 | 14 | 5x3=15 | 15 | 29 |
| 3 | Одбранета докторска теза | 8 | | | | 8 |
| 4 | Одбранет магистерски труд | 4 | | | | 4 |
| 5 | Награди - признанија за научни/ уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 10 | | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **72** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1. | Труд во стручно (научно-популарно списание)<br>Трудови бр. 3,7,12,13,14,16 | 6x2=12 | 12 | | | 12 |
| 3. | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)<br>Трудови бр. 4 | 1x0.5=0.5 | 0.5 | | | 0.5 |
| 4. | Стручни награди и признанија | 3x4=12 | 12 | | | 12 |
| 5 | Изработка на прирачник | 4 | | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **28,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **100,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТРЕБИ И БЕНЕФИТИ ОД СПА УСЛУГИТЕ НА БАЊИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ -ШТИП**

Со Одлука број 0206-182/5 донесена на 24.2.2025 г., на 81. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Туристичките потреби и бенефити од спа услугите на бањите во Република Северна Македонија“**, на англиски јазик «**Tourist needs and benefits from the SPA services of the baths in the Republic of North Macedonia**», пријавена и изработена од кандидатката м-р Евгенија Марковска, студентка на трет циклус студии на студиска програма Туризам и угостителство, во состав:

- проф. д-р Дејан Методијески - претседател,
- проф. д-р Оливер Филипоски - член,
- проф. д-р Владимир Китанов - член,
- проф. д-р Нако Ташков, интерен ментор, член,
- доц. д-р Алберта Тахири, екстерен ментор, член.

Комисијата во горенаведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Анализа на трудот**

Докторската дисертација која е пријавена и доставена од страна на кандидатката м-р Евгенија Марковска претставува оригинален труд, кој согласно со програмата на третиот циклус на студии на студиската програма Туризам и угостителство е напишан на 270 страници, во А4 формат, со вкупно 13 слики (од кои 5 мапи), 48 графикони, 62 табели и 141 референци со користена литература.

Содржината во трудот ги опфаќа следните поглавја: Вовед, Методолошки пристап во научноистражувачката работа; Осврт на литературата каде што се опфатени темите: Општи сознанија за бањскиот туризам; Потекло, развој и бенефити од бањскиот туризам; Општи податоци за бањите во Република Северна Македонија; Потенцијали за развој на бањски туризам во Република Северна Македонија; Меѓународни искуства поврзани со бањски туризам; Емпириски поглед на направеното истражување; Заклучоци; Препораки; Користена литература.

Табелите се со прецизно и детално објаснување на добиените податоци. Даден е детален преглед на табелите и сликите. Докторскиот труд содржи и кратко резиме на македонски и на англиски јазик.

Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација од аспект на: научен придонес, апликативен придонес, начин на пишување и изнесување на материјалот и конзистентноста.

Во првата глава на докторската дисертација м-р Евгенија Марковска ја има претставено методолошката рамка на истражувањето, јасно е дефиниран предметот на истражување, утврдени се научните и практичните цели на истражувањето и основната и посебните хипотези. Исто така, одредени се методите на истражување, изворите на податоци, начинот на обработка и интерпретација на податоците. На крајот се објаснува оправданоста на истражувањето и применливоста на резултатите.

Основна цел на ова истражување е да доведе до поголем развој на бањскиот туризам преку подобра туристичка понуда и поголема промоција.

Покрај главната цел во ова истражување се прикажани поконкретни поединечни цели прикажани преку статистичко следење и приказ на следните прашања:

- колкав е бројот на домашни бањски туристи во Р. Северна Македонија;
- колкав е бројот на странски бањски туристи во Р. Северна Македонија;
- развиеност на бањскиот туризам во однос на другите видови туризам;
- колкав е бројот на ноќевања во бањи од страна на домашни туристи;
- колкав е бројот на ноќевања во бањи од страна на странски туристи;
- варирање на бројот на бањски туристи особено за време и по Ковид пандемијата;
- колкав е бројот на ноќевања во бањи во некои од европските држави кои излегуваат на море;
- колкав е бројот на ноќевања во бањи во некои од европските држави кои не излегуваат на море;
- споредба помеѓу бројот на ноќевања во бањи во РС Македонија и некои од европските држави;
- утврдување на туристичките потреби во бањските објекти и
- утврдување на туристичките бенефити од користење на бањските објекти.

Во втората глава насловена како **„Општи сознанија за бањскиот туризам“**, м-р Евгенија Марковска најпрво започнува со темата Туризам, каде што го дефинира поимот туризам и претставување на деловите на туризмот. Потоа ги претставува видовите на туризмот и неговата поделба спрема различни аспекти. Следи прикажување на туристичкото однесување и неговите фази. Следна тема на оваа глава е здравствениот туризам, каде што најпрво е извршено дефинирање, а потоа е направена поделба на здравствениот туризам и поделба на мотивите на учесниците во здравствениот туризам. Потоа следува обработка на секоја од видовите на здравствен туризам, при што најпрво е прикажан велнес туризмот. Се врши дефинирање на поимот велнес според разни автори, по што се опишани главните принципи на благосостојба, како и основните елементи на велнесот. Потоа следи историски развој на здравјето и велнесот низ светот, каде што најпрво е опишан историскиот развој за Европа, Блискиот Исток и Северна Африка, Азија Пацифик, Африка и Америка поединечно. Четврта тема на ова поглавје е медицински туризам каде што се врши дефинирање на овој вид на туризам и поделба на видовите третмани кои можат да се добијат. Петта тема на ова поглавје е „бањски туризам и негово дефинирање“. М-р Евгенија Марковска ги дефинира поимот бањски туризам и клучните елементи на искуството во бањата, укажува на разликата помеѓу минерални, термални и лековити води и прави категоризација на видовите на

бањи. Потоа следува објаснување на средината на здравствен и спа туризам и тоа: изградена средина, здравствена средина и деловното опкружување. Се објаснува поврзаноста помеѓу туризмот и користењето на природни топли и минерални извори, потоа The travel career pattern (TCP) модел (шема на патувачка кариера - модел), како и поврзаноста на TCP и велнес и СПА.

Во третата глава насловена како **„Потекло, развој и бенефити од бањскиот туризам“** м-р Евгенија Марковска дава опис на историскиот развој на бањскиот туризам, потеклото на топлите и ладни минерални извори, класификација на термалните минерални води, класификација и дефиниции на природните минерални извори од различни земји, класификација на изворите според содржината на минерали. Потоа ги прикажува бенефитите од бањите и нивното влијание врз физичкото и менталното здравје, постоечките докази за ефикасноста од спа третманите, но и потенцијални ризици и опасности. Следува објаснување за технологија и дизајн на бањите и за крај на оваа глава следи осврт на промотивните активности, промоција преку меѓународни саеми за туризам и поим за Европска спа асоцијација (ЕСПА).

Во четвртата глава насловена **„Општи податоци за бањите во Република Северна Македонија“** е дадено објаснување на секоја од бањите во РС Македонија поединечно, односно наведени се туристичко географската положба, кратка историја на бањата, капацитет на бањата, лековити можности и видови бањски услуги за: Катлановска Бања, Кежовица, Негорска Бања, Бања Банско и Дебарски Бањи, Бањиште и Косоврасти.

Во петтото поглавје од дисертацијата кое е со наслов **„Потенцијали за развој на бањски туризам во Република Северна Македонија“**, користени се статистички податоци од Државниот завод за статистика со цел да се добијат податоци за развојот на бањскиот туризам во РС Македонија низ годините, споредба помеѓу бањскиот и другите видови на туризам во РС Македонија, како и статистички податоци директно од статистиката на Катлановска Бања и Бања Банско за посетеноста во соодветната бања.

Во шестото поглавје кое е со наслов **„Меѓународни искуства поврзани со бањскиот туризам“** е даден осврт на глобалните спа трендови, како и анализа на бањскиот туризам во некои од европските држави, притоа е направена поделба на бањски туризам во држави кои не излегуваа на море (каде што се опфатени Србија и Унгарија) и држави кои излегуваат на море (каде што се опфатени Бугарија, Хрватска и Словенија). Потоа е направена споредба на развојот на бањскиот туризам во Република Северна Македонија и анализираните држави.

Глава 7 претставува **емпириски поглед на направеното истражување** и е клучниот дел на оваа докторска дисертација. Во овој дел преку анкетирањето на посетителите на бањските објекти, м-р Евгенија Марковска детално го анализира нивното задоволство односно незадоволство до бањските објекти, нивните потреби и бенефитите од бањите.

Спроведено е истражување и анализирани се резултатите од истото, со цел да се утврдат можности за подобрување на туристичката понуда на бањите во РС Македонија. Користен е квалитативно-квантитативен метод за истражување, кој според авторот дава јасна и објективна слика за моменталната потреба на активно учество на сите чинители во туризмот, посебно менаџерите на бањските објекти во креирањето на една опширна туристичка понуда приспособена според потребите и барањата на посетителите, што би довело

до продолжување односно зголемување на времето на престој на туристите во бањските објекти и секако зголемување на придобивките за сите инволвирани страни

Како природен след на овој дел е делот **Заклучоци**, во кој се претставени серија јасни и концизни заклучоци. Резултатите и заклучоците од научното истражување м-р Евгенија Марковска ги претставува на концизен и разбирлив начин.

- Во спроведеното емпириското истражување коешто е имплементирано во рамките на овој докторски труд опфатени се за анализа ставовите на посетителите на 4 бањски центри во Република Северна Македонија.

- Од анализата може да се забележи дека развојот на бањскиот туризам може да биде успешен само со добра стратегија за развој на туризмот и вклучувањето на бањските објекти во туристичката понуда.
- Главни теми и прашања на анкетирањето се промоцијата на бањскиот туризам, степенот на задоволство од поединечните аспекти поврзани со искуството во бањата, потенцијалите за развој на бањскиот туризам, туристичките потреби и бенефити од бањите. Од истражувањето се забележува дека постојат и недостатоци и слабости, како што се нецелосно искористување на потенцијалите на термоминералните извори и на бањските објекти, недоволна ангажираност кон целосно задоволување на потребите на посетителите, немање на соодветен пропаганден материјал и сл.
- Од истражувањето за зголемување на учеството на бањскиот туризам во туристичката понуда, позитивен заклучок има дека во државата има голем потенцијал за развој на бањски туризам, со преку 60 извори на термоминерална вода, лековитоста на водата е голема, што значи дека со ангажираност за изградба на нови или уредување на постоечките бањски објекти ќе може да се зголеми туристичката понуда.

По овој дел следуваат препораки каде што авторот дава јасни и прецизни препораки за подобрување на идното работење на бањите.

Без подобро разбирање на посетителите на бањите, бањите може да завршат со губење на пазарниот удел на конкурентите. Затоа е важно да се испитаат критериумите за избор што ги користат туристите при избор на бањи (ова треба да го извршат спа менаџерите) со информации потребни за создавање ефективни промотивни кампањи и деловни стратегии. Односно за да се опстане на ограничениот пазар каде што глобалната конкуренција зависи од точните стратегии за развој на бањскиот туризам, тие стратегии мора да се засноваат на желбите и барања на клиентите. Овој докторски труд дава корисни информации за бањските менаџери за мотивите на нивните клиенти, нивните потреби, како и критериумите за избор на бања. Исто така, дава информации за задоволството односно незадоволството од соодветните услуги во бањата, што би можело да биде корисна информација за менаџерите на бањите при креирање на стратегија за развој на бањата да знаат кои услуги би требало да ги унапредат повеќе, што би довело до развој на персонализирани спа услуги за нивните клиенти, подобрување на нивното задоволство и лојалност. Доколку бањата обезбеди квалитетни персонализирани услуги на посетителите, ќе се постигнат позитивни емоции и ќе ги поттикне да го бараат тоа позитивно искуство и во иднина.

Последното поглавје во докторскиот труд претставува **Користена литература**, каде што се цитирани 132 библиографски податоци, главно од понов датум, но и базични литературни единици преку кои се добиваат соодветни сознанија за истражувачката актуелност на оваа тематика, како и 9 интернет страници.

**2. Научен придонес на докторската дисертација**

Докторската дисертација е работена според Правилникот на трет циклус студии *и во неа постои конзистентност на деловите во рамките на целината.*

Добиените резултати статистички се обработени и презентирани на ефективен, концизен и разбирлив начин.

Заклучоците се конкретни и самите по себе можат да бидат мотив за понатамошни научни истражувања и клинички студии.

Оригиналниот придонес на овој докторски труд е во неговата научна вредност. Ова е прво научно истражување со ваков предмет и цели на истражување во Република Северна Македонија. Истражувањето е од особено значење за научната и практичната застапеност на овој до сега неистражен проблем во нашата држава што на овој труд му дава значајно општествено и научно вреднување.

Општествена и научна оправданост на ова истражување се гледа во тоа што бањскиот туризам, како специфичен вид на туризам во светски рамки бележи постојан пораст и претставува значаен дел од туристичката понуда на голем број земји. Во овој труд докторандот м-р Евгенија Марковска прави анализа на туристичките потреби и бенефитите од посетите на бањите, колку од тие потреби се задоволени, како и потенцијалите на бањските центри кои се наоѓаат во РС Македонија. Истражувањето на потенцијалите за развој на СПА туризмот во РС Македонија покажува дека и покрај можностите кои ги има државата, бањскиот туризам не е на задоволително ниво, пред се во однос на бројот на туристите кои ги посетуваат бањските места и должината на нивниот престој што се должи на непостоење квалитетна туристичка понуда и современи сместувачки капацитети.

Од друга страна, ако се земе предвид дека во државата има над 60 извори на минерална вода, а само 8 бањи, повеќе од очигледно е дека имаме потенцијал за развој на бањски туризам и инвестирање во нови објекти. Покрај потребите за инвестиција се јавува и потреба од поголема промоција на бањите, како локално така и регионално и меѓународно. Ова истражување на м-р Евгенија Марковска има за цел да укаже на бенефитите од користењето на термалните води и привлекување на поголем број домашни, но и странски туристи преку квалитетна туристичка понуда.

**3. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

По запишување на докторските студии, а пред одбраната на докторската дисертација, м-р Евгенија Марковска ги објавила следните рецензирани научни трудови:

1. Markovska, Evgenija (2024) Promotion of health tourism in spa Bansko. Knowledge – International Journal, 66 (1). Pp. 181-184. ISSN 2545 – 4439
2. Markovska, Evgenija and Sazdova, Julijana (2024) Potentials for the development of health tourism in Katlanovska Spa. Knoweledge - International Journal, 66 (1). pp. 165-169. ISSN 2545-4439

3. Markovska, Evgenija and Sazdova, Julijana (2024) Development of spa tourism in the republic of north Macedonia over the years. Knowledge – International Journal, 63 (1). pp. 43-46. ISSN 2545 – 4439
4. Markovska, Evgenija and Sazdova, Julijana (2024) Domestic versus foreign visitors to the spas in the Republic of North Macedonia. Knoweledge International Journal, 63 (1). pp. 51-55. ISSN 2545-4439
5. Markovska, Evgenija (2023) Number of overnight stays by spa tourists in the Republic of North Macedonia and some European countries. Knowledge – International Journal, 60 (1). pp. 203-207. ISSN 2545 – 4439
6. Markovska, Evgenija (2023) Representation of spa tourism in the Republic of North Macedonia. Knowledge – International Journal, 60 (1).pp. 209-214. ISSN 2545 – 4439
7. Markovska, Evgenija (2022) Impact of the covid 19 pandemic on the number of visitors in Katlanovska spa. Knowledge – International Journal, 55 (4). pp.705-709. ISSN 2545-4439.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Туристичките потреби и бенефити од спа услугите на бањите во Република Северна Македонија“, пријавена и изработена од кандидатката м-р Евгенија Марковска и донесе заклучок дека истата претставува самостоен научен труд, со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати.

Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги исполнува сите условите за изработка на докторска дисертација. Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов **„Туристичките потреби и бенефити од спа услугите на бањите во Република Северна Македонија“**, пријавена и изработена од докторандот **м-р Евгенија Марковска** и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Дејан Методијески, претседател (Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип), с.р.

Проф. д-р Оливер Филипоски, член (Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип), с.р.

Проф. д-р Владимир Китанов, член (Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип), с.р.

Проф. д-р Нако Ташков, интерен ментор (Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип), с.р.

Доц. д-р Алберта Тахири, екстерен ментор (Факултетот за менаџмент во туризам, угостителство и животна средина, Универзитет „Хаџи Зека“ – Пеќ), с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ЛАЖЕТИЌ, ПРОФ. Д-Р БОБАН МИСОСКИ, ПРОФ. Д-Р ОЛГА КОШЕВАЛИСКА И ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЛАЗАР НАНЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1102-40/13 од 6.2.2025 година, на редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 5.2.2025 година, избрана е Рецензентски комисија во состав:

- академик проф. д-р Владо Камбовски, Македонска академија на науките и уметностите;
- редовен проф. д-р Гордан Калајџиев, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА**" од **проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Бобан Мисоски, проф. д-р Олга Кошевалиска и вонр. проф. д-р Лазар Нанев,** наменет за студентите од прв и втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Детско престапништво и правда за деца" припаѓа во научната област казнено материјално право и казнено процесно право според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Учебникот „Детско престапништво и правда за децата"** е задолжителна и основна литература по предметот Детско престапништво и правда за деца, втор циклус на студии, втор семестар, задолжителен предмет со 6 ЕКТС и со фонд на часови 2+2+1, како и по предметот Малолетничко казнено право, прв циклус на студии, четврта година, седми семестар со 8 ЕКТС и фонд на часови 3+2+2. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот кој е предаден на рецензија – „Детско престапништво и правда за децата" брои 277 страници пишуван текст во фонт *ариал* 11, А4 формат, а по обем и содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Текстот е поделен во 14 поглавја (вклучувајќи ги предговорот и литературата).

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во 2016 година е објавен учебник со наслов „Деца во ризик и деца во судир со закон" од авторите д-р Гордана Лажетиќ, д-р Олга Кошевалиска и д-р Лазар Нанев во издание на Правен факултет „Јустинијан Први" при УКИМ, којшто учебник е пишуван по Закон за правда за децата од 2013 година (закон вон сила). Со промената

на релевантното законодавство, односно новиот Закон за правда за деца кој е донесен во март 2024 г., како и со ратификување на бројни меѓународни инструменти кои се транспонирани во нашето законодавство, овој учебник повеќе не ги задоволува барањата на наставната материја, па оттука и потребата за издавање на сосема нов учебник кој ги опфаќа сите важни теми од областа на Правда за децата и казненото законодавство кое е релевантно во постапката спрема деца.

**Краток опис на содржината:** Ракописот под наслов „Детско престапништво и правда за деца" е систематизиран во 13 поглавја со цел да одговара на потребите на силабусот по предметот Малолетничко казнено право, што се предава како задолжителен предмет на прв циклус студии, како и да биде дел од литературата за предметот Детско престапништво и правда за деца, кој се предава како задолжителен предмет на втор циклус студии по казнено право Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот под наслов „Детско престапништво и правда за деца" претставува систематизирана целина во која се обработуваат главните карактеристики на криминалитетот на децата, односно на детското престапништво и правдата на децата како поширок поим. Пристапот на авторите на ракописот е приспособен на наставната програма по горенаведените предмети, при што авторите во целост на студентите им ја претставуваат оваа значајна научна дисциплина, нудејќи им доволно широк дијапазон на информации за стекнување на базичните знаења, но, истовремено, нудејќи и доволно релевантна содржина за продлабочување на нивните знаења. Во рамките на ракописот авторите даваат еден сеопфатен пристап кон оваа социјално патолошка појава, на тој начин што на почетокот даваат релевантни криминолошки одредници за детското престапништво, анализирајќи ги теоретските основи, но и феноменологијата и етиологијата на детското престапништво. Понатаму, авторите ги анализираат елементите на поимот дете, но и основите на кривичната одговорност на децата, за потоа да се задржат кон анализа на кривичната постапка што се води против децата сторители на кривични дела. Целокупноста и темелноста во пристапот на авторите кон разработувањето на концептот на правдата за децата се согледува и низ фактот дека авторите не застануваат на елаборација само на кривичната постапка кон децата, туку ги анализираат и ни даваат дополнителни податоци и за сите други начини на разрешување на постапките во случаите кога децата се во судир или во конфликт со законот. Па така, се разработуваат и постапките пред ЦСР за давањето на помош и заштита на децата, како и постапките за ресторативна правда за децата, како неизбежен дел од организираниот пристап на државните органи кон третманот на детското престапништво. Истовремено, се анализира и казнената политика кон децата престапници, но се анализираат и начините за заштита и превенција од детското престапништво. Особено значење кон квалитетот на учебникот и неговата заокружена содржина е и фактот дека авторите сосема успешно и мошне квалитетно го разработуваат и делот на заштита на децата жртви во кривичната постапка.

На почетокот, авторите даваат краток предговор во кој се содржани главните идеи и целите поради кои е изготвен овој ракопис и попис на почесто користените кратенки, дел кој е наменет за олеснување на читливоста и прегледноста на текстот.

Во рамките на првата глава се обработуваат поимот и основните карактеристики на детското престапништво, а воедно се обработуваат и најзначајните теории врз основа на кои се објаснува детското престапништво. Понатаму во оваа глава се елаборира историскиот развој на положбата на детето во казненото право, се објаснува развојот на концептот на правда за децата во македонското законодавство и конечно се дава еден преглед на европското законодавство и новите трендови за правда за децата. Во втората глава се обработуваат етиологијата, односно егзогените и ендогените фактори на детското престапништво, како и феноменологијата на детското престапништво со статистички податоци и анализа, како на трендовите на детско престапништво така и на казнената политика за санкционирање на детското престапништво. Поимот дете и категориите на деца во ризик и категориите на деца што подлежат на кривична одговорност се елаборираат во рамките на третата глава. Во четвртата глава се разработуваат карактеристиките и меѓународните и домашните извори на постапката спрема дете. Во петтата глава се обработуваат начелата во постапувањето спрема деца, при што прво се објаснети општите начела, а потоа и специјалните начела во постапката спрема деца. Анализата на кривичната постапка спрема децата преку анализа на субјектите на кривичната постапка, мерките за обезбедување на присуство во текот на кривичната постапка, како и текот на постапката се предмет на обработка на следните три глави, односно главите шеста, седма и осма од ракописот. Во овие три глави, авторите детално ги објаснуваат и процесните субјекти, но и правата на детето пред истите и тоа како правата што произлегуваат од националното законодавство, така и од меѓународните стандарди. Посебно се елаборирани сите одлуки кои можат да се донесат во постапката спрема деца и жалбата како редовен правен лек, но и вонредните правни лекови против одлуките донесени во постапката спрема деца.

Во рамките на деветтата глава е обработен системот на санкции коишто можат да се изречат на дете и тоа воспитни мерки, алтернативни мерки, мерки на безбедност и казните во постапката спрема дете, како и условите за нивно изрекување. Авторите секако даваат и преглед на меѓународните и европските документи релевантни за приодот при санкционирањето на децата. Во десеттата глава се обработуваат посебните постапки што се предвидени со Законот за правда за деца, односно постапката пред ЦСР, но и постапките што ги иницира јавниот обвинител, што претставуваат алтернативи на кривичната постапка. Во единаесеттата глава од ракописот се обработуваат начелата на ресторативната правда и медијацијата, како особено значајни концепти за решавање на детското престапништво преку заштита на интересите на децата, но истовремено и нивно воспитување во здрави индивидуи кои би ги прифатиле и почитувале општествените норми во иднина. Претпоследната глава се занимава со обработка на институционалниот одговор за заштита на децата што се јавуваат како жртви на кривичните дела, но и како сведоци во текот на кривичната постапка. Конечно, во рамките на последната глава, се обработени темите што се однесуваат на превенцијата на детското престапништво. На крајот од ракописот е дадена содржината и деталниот попис на богатата цитирана литература што им помогнала на авторите при пишувањето на овој ракопис.

На овој начин преку разбирлив, а истовремено висок академски стил, авторите на овој ракопис во целост ја доближуваат до студентите оваа комплексна материја, нудејќи им солидна теоретска основа за нивното идно професионално искуство во постапувањето со детското престапништво. Покрај за студентите, овој ракопис, првенствено имајќи го предвид енциклопедискиот пристап и тенденцијата на авторите кон сеопфатно научно анализирање на детското престапништво, а особено обработувајќи ги во целост постулатите на правдата за децата, може да послужи и за пошироката професионална и научна мисла, која во овој ракопис ќе пронајде значаен извор за задоволување на нивната професионална љубопитност, но и вредна и ефикасна алатка за справување со нивните секојдневни професионални предизвици на полето на правдата за децата и детското престапништво.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот *„Детско престапништво и правда за деца“* претставува научно заснован, сеопфатен и педагошки релевантен учебник кој во целост ги задоволува критериумите за објавување. Неговата систематска структура, енциклопедиски пристап и академска темелност овозможуваат квалитетна основа за наставниот процес и студиските програми за кои е наменет. Авторите со особена посветеност ги обработиле клучните концепти на детското престапништво, правдата за децата, кривичната одговорност но алтернативите на судската постапка кон децата, со што овој учебник претставува вреден придонес во правната литература.

Содржинската разработка, научната прецизност и методолошкиот пристап во учебникот демонстрираат висок степен на академска компетентност, со што тој не само што ги задоволува стандардите за универзитетска литература, туку и нуди значаен придонес во разбирањето на современите предизвици поврзани со детското престапништво. Чест и привилегија да бидеме рецензенти на ваков труд, кој несомнено ќе има значајно влијание во едукацијата на студентите, како и во практичното работење на стручњаците од оваа област. Овој учебник заслужено го зазема своето место како неопходен наставен ресурс и значајно научно дело.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Академик проф. д-р Владо Камбовски, с.р.

Ред. проф. д-р Гордан Калајџиев, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ДИЈАБЕТИЧНА ПЕРИФЕРНА НЕВРОПАТИЈА" ОД ДОЦ. Д-Р ДАНИЕЛА РИСТИЌ-СТОМНАРОСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-301/41 од 330. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 4.12.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Драгана Петровска-Цветковска, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје;
- вон. проф. д-р Ивана Мицковски, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ДИЈАБЕТИЧНА ПЕРИФЕРНА НЕВРОПАТИЈА**" од **доц. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска**, наменет за студентите на прв циклус додипломски студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма Општа медицина при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и за специјализација од областа на неврологија, како и за здравствените работници и здравствените соработници со високо образование запишани на специјализација од областа неврологија.

Ракописот со наслов „Дијабетична периферна невропатија" припаѓа во научната област неврологија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Дијабетична периферна невропатија" од доц. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска е наменет за студенти на прв циклус додипломски студии, студиска програма Општа медицина, како и за здравствените работници и здравствените соработници со високо образование запишани на специјализација од областа неврологија (во траење од 8 семестри, односно 48 месеци). Ракописот е во согласност со планот и наставната програма за предметот Неврологија, кој се слуша во IV година (8 семестар), со неделен фонд 2+2+1, 5 кредити, како задолжителен предмет на студиска програма Општа медицина.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на монографијата е претставена во текст од вкупно 80 страници, пишуван во А4 формат, со нормален единечен проред, употребен фонт *arial*, со големина на буквите 11.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература од домашните и светските простори, како и резултати од сопственото детално истражување

на авторката. Ракописот е напишан на јасен и разбирлив стил на пишување и сублимирано ја претставува материјата која се изучува по предметот Неврологија.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Текстот и содржината се илустрирани со 19 слики и 3 табели.

Во првото поглавје е обработена класификацијата на периферните невропатии, според етиологијата, патофизиолошките механизми и типот на оштетување на периферните нерви во рамки на патолошкиот процес. Авторката дава систематизирано појаснување за основната поделба на периферните невропатии на стекнати и хередитарни, со наведување на најчестите типови кои ги среќавање во клиничката пракса.

Во второто поглавје е прикажана дефиницијата за шеќерна болест, со наведување на епидемиолошки податоци за застапеноста на дијабетес мелитус на глобално ниво. Во понатамошното излагање се прикажани најчестите фактори на ризик кои придонесуваат во развивање на шеќерната болест и компликациите од истата.

Третото поглавје содржи детален опис за дијабетична периферна невропатија. На почетокот е изнесена дефиницијата и застапеноста на дијабетичната невропатија кај лицата кои боледуваат од дијабетес мелитус. Понатаму прецизно ја објаснува класификацијата на невропатиите според најчесто користените класификации од експертски тимови, вклучително и онаа на Американската асоцијација за дијабетес и Торонто експертскиот панел.

Во наредните поглавја се прикажани основните анатомски карактеристики, структурата и хистолошката градба на периферните нерви, како и патофизиолошките механизми на оштетување на периферните нерви кај дијабетес мелитус. Во делот за патофизиологија на невропатијата детално се прикажани сите механизми кои придонесуваат до оштетување на периферните нерви: метаболна дисрегулација, ковалентна модификација, оксидативен стрес, дефицит на фактори на раст и инфламација, со посебен осврт на влијанието на тумор-некротичниот фактор алфа (TNF-α) во процесот на неврогено оштетување. На крајот од поглавјето детално се прикажани сите истражувачки студии кои ја докажуваат улогата на TNF-α во патогенезата на невропатијата.

Во петтото поглавје е објаснета клиничката слика и формите на дијабетична периферна невропатија, со детален опис на генерализираните и фокалните форми на невропатија, како и најчестите типови со кои се среќаваме во клиничката пракса.

Во последните поглавја се прикажани процедурите кои се користат во дијагностицирање на периферната невропатија: клинички и невролошки преглед, биохемиски анализи на крвта, електрофизиолошки испитувања (електромиографија со неврографија), како и скалите за бодирање и процена на тежина на невропатијата.

На крајот, авторката дава осврт на тераписките протоколи кои се користат во клиничката пракса, како и идните тераписки стратегии кои би дале извесен придонес во изнаоѓање на медикаменти, со кои ќе се подобри квалитетот на живот на лицата со периферна невропатија.

Литературата е со богата содржина на референци, вкупно 130, сите на латиница. Ова зборува за системски приод кон оваа област и за способноста на авторот за комплетно претставување на тематиката.

**ЗАКЛУЧОК**

Монографијата „Дијабетична периферна невропатија“ од авторката доц. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска ги опфаќа сите содржини од теоретски аспект, според наставната програма и содржина по предметот Неврологија на студентите од прв циклус студии, по студиска програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип; како и за здравствените работници и здравствените соработници со високо образование запишани на специјализација од областа неврологија (во траење од 8 семестри, односно 48 месеци).

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за монографија, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип ракописот „Дијабетична периферна невропатија“ од доц. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска да биде издаден како монографија за студенти на студиската програма Општа медицина, како и за здравствените работници и здравствените соработници со високо образование запишани на специјализација од областа неврологија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Драгана Петровска-Цветковска, с.р.
Вон. проф. д-р Ивана Мицковски, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови**
**од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| ФМН | 0206-179/7 од 20.2.2025 г. | „Процена на површинска рапавост кај фиксно протетички изработки од различни дентални материјали и нивно влијание на површинска атхезија и колонизација со Candida albicans и Streptococcus mutans In Vitro студија“ | „Assessment of surface roughness in fixed dental prostheses from different dental materials and their influence on surface athesion and colonization of Candida albicans and Streptococcus mutans- In Vitro sudy“ | Проф. д-р Катерина Златановска, ментор<br><br>Проф. д-р Весна Коруновска-Стевковска, екстерен ментор | Африм Шехапи |
| ФМН | 0206-179/11 од 20.2.2025 г. | „Влијанието на насмевката врз лицевата естетика по спроведен ортодонтски третман со и без екстракција на заби“ | „The influence of the smile on the facial aesthetic after orthodontic treatment with and without teeth extraction“ | Проф. д-р Софија Царчева-Шаља, ментор<br><br>Проф. д-р Васка Вандевска-Радуновиќ, екстерен ментор | Ферија Сали |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 3.3.2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ | 1. Асоцијалното однесување на учениците во современото училиште | 1602-41/20 од 10.2.2025 год. | Проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева | Ирена Митева-Ангелова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | 2. Финтек индустријата, дигитална трансформација и регулаторните импликации за македонската економија | 2102-242/6 од 4.11.2021 год. | Проф. д-р Татјана Бошков | Блерта Зимери-Исмаили |
| | 3. Управување со стресот на вработените како фактор за успешност на компаниите | 2102-224/5 од 23.12.2024 год. | Проф. д-р Александра Жежова | Душица Трпева |
| | 4. Улогата на финансиите во управувањето на синџирите на снабдување: решенија за отпорност и блокчејн технологијата | 2102-224/6 од 23.12.2024 год. | Проф. д-р Татјана Бошков | Паула Глоучков |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 5. Примарна и секундарна септоринопластика | 2002-301/49 од 4.12.2024 год. | Доц. д-р Гордана Божиновска-Беака | Билјана Стојановска |
| | 6. Физикална медицина и кинезитерапија кај пациенти со латерален и медијален епикондилитис | 2002-301/50 од 4.12.2024 год. | Проф. д-р Ленче Николовска | Елена Беќарска |
| | 7. Стратегии за обезбедување на дишен пат и принципи на вентилација кај пациенти со КОВИД-19 | 2002-301/51 од 4.12.2024 год. | Проф. д-р Маја Мојсова-Мијовска | Азра Кавазовиќ |
| | 8. Епидемиолошка состојба на миопатијата како водечка рефрактивна аномалија | 2002-301/52 од 4.12.2024 год. | Проф. д-р Страхил Газепов | Зорица Илиев |
| | 9. Интензивна нега и третман на трудници со прееклампсија, еклампсија и HELP синдром | 2002-301/53 од 4.12.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Лилјана Јовчева |
| | 10. Улогата на медицинската сестра анестетичар при обезбедување на дишен пат кај пациенти со КОВИД и други инфективни болести на респираторниот систем | 2002-301/54 од 4.12.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Александра Лефтерова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ | 11. Перцепција на јавноста за аерозагадувањето и потреба од инвестирање за негово намалување во град Кавадарци | 1702-59/11 од 20.2.2025 год. | Проф. д-р Дејан Мираковски | Верица Ристовска |